**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-845/1**
**Скопје, 25.11.2005 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА „ПРИЛЕП„**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Прилеп за 2004 година, кои се прикажани на страните од 5 до 7 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Општина Прилеп за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Сашо Пирганоски, Градоначалник на Општина Прилеп за период од 01.01.2004 до 31.12.2004 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 04.07. до 12.07.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
- Петре Гаврилов - Виш ревизор;
- Лила Зафировска - Ревизор;
- Стојан Николовски - Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да

овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1.Неправилна примена на акти**

10.1.1.Не е покрената иницијатива ниту е извршено усогласување на актите за организација и работа и актите за систематизација на работните места согласно членовите 57, 58, 91 и 94 од Законот за локална самоуправа (Сл весник на РМ 5/2002), во законски утврдените рокови. Неусогласувањето на актите во законски утврдените рокови го нарушува принципот на законско работење на единицата на локалната самоуправа.

**Препорака:**

Надлежните одделенија во што пократок рок да извршат усогласување на постојните акти со важечката законска регулатива.

10.1.2. Кај општина Прилеп за објектите кои се издаваат под закуп во 2004 година не се склучени договори за закуп со субјектите корисници на објектите. Договорите се од предходни години од 2002 и 2003 година, со поминати рокови и истите не се обновени за тековната 2004 година. Истото се должи на една усталена пракса без да се води сметка за законските одредби. На овој начин се нема увид во побарувањата по основ на закупнина.

**Препорака**

Се задолжува одделението за општи и правни работи секоја година да врши ажурирање на договорите за закуп испитувајќи ги и анализирајќи ги утврдените услови во договорите со промените на висината на закупнината според условите во општината, како и навременото извршување на обврските пропишани во договорите за корисниците на услугите.

### 10.2. Неправилности во искажување на расходите/приходите

10.2.1. Потценети се приходите и трошоците за вкупен износ од 7,957 илјади денари за не евидентирани компензации со ЕСМ за побарување на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување со користење на електрична енергија за улично јавно осветлување.
Овие трансакции не се евидентирани во сметководствената евиденција на Буџетот на единицата на локална самоуправа Прилеп ниту се спроведени преку сметката на единицата на локална самоуправа, поради што се потценети приходите и расходите за наведениот износ. Истото доведува до нереално искажување на приходите и расходите.
**Препорака:**

- Договорите за компензација треба да се изготвуваат од Буџетот, да се евидентираат и да се спроведат преку сметката на Буџетот.
- Сметката на Буџетот треба да се користи како извор за финансирање само на потребите на Органот, од каде понатаму треба да се вршат сите исплати кон останатите корисници и добавувачи.
- Да не се користат формите за плаќање како асигнации, компензации и цесии бидејќи создаваат можност за грешки и се нарушува буџетскиот принцип на евидентирање во сметководството.

### 10.3.Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојбата

10.3.1. Во Билансот на состојба со 31.12.2004 година, состојбата на Побарувањата е потценета за износ од 21.087 илјади денари и за истиот износ потценета е состојбата на Пасивните временски разграничувања, поради не евидентирање на побарувањата на Буџетот на ЕЛС Прилеп од ЈКП Комуналец Прилеп по основ на надомест за употреба на градежно земјиште.
Согласно Одлука за утврдување надоместок за употреба на градежно земјиште на Општината Прилеп број 07-169/10 од 09.02.2001 година донесена од советот на Општина Прилеп (Сл. гласник на Општина Прилеп бр. 1/2001), пропишана е обврска за плаќање на надоместок за употреба на градежно земјиште во Општината Прилеп. Обврзници за плаќање на надоместокот се корисниците на градежното земјиште.
Со Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување надоместок за употреба на градежно земјиште на Општина Прилеп број 07-1758/4 од 29.12.2004 година (Сл. гласник на Општина Прилеп бр.1 од 14 јануари 2005 година) Советот на Општина Прилеп одлучил средствата кои што ЈКП Комуналец Прилеп ги има собрано на име надоместок за употреба на градежно земјиште заклучно со 31.12.2004 година да ги отстапи на ЈКП Комуналец Прилеп за реализација на Оперативниот план за одржување на јавни прометни површини и оперативниот план за одржување на паркови и зеленило за 2004 година.
Ревизијата од извршениот увид на деловните книги и книговодствената евиденција на Буџетот на Општина Прилеп за 2004 година утврди дека во книговодството не се води евиденција на побарувањата на Општина Прилеп од ЈКП Комуналец утврдени по основ на претходно споменатата одлука.
Ревизијата утврди дека по основ на надоместокот за употерба на градежно земјиште согласно одлуката за утврдување на таков надоместок, Буџетот на ЕЛС Прилеп, во својата евиденција требало да евидентира побарување во вкупен износ од 21.087 илјади денари и средствата да ги добие на своја сметка.
**Препорака:**
Со создавањето обврска на граѓаните, општина Прилеп односно нејзините надлежни служби биле должни да преземат мерки за редовно дозначување на овие средства од ЈКП Комуналец Прилеп, на сметката на буџетот и истите да се наменуваат за намените според Одлуката.

10.3.2. На ставката Побарувања по основ на надомест за комуналии за уредување на градежно земјиште, за побарување во износ од 52 илјади денари од физичко лице склучен е договор за плаќање на рати без да се обезбедат инструменти за одложено плаќање. На ревизијата не и беше презентирана Одлука за плаќање на рати на надоместокот за комуналии. Ваквиот начин може да доведе до неможност за наплата на побарувањата по овој основ.

**Препорака:**

Да не се практикува одложено плаќање на надомест за комуналии без да постои Одлука од Совет и без побарувањето да е покриено со инструменти за одложено плаќање.

10.3.3. Не сме уверени во реалноста на побарувањата по основ на надомест за комуналии за градба, доградба и надградба поради применетата пракса за склучените договори за комуналии за уредување градежно земјиште до 2003 година, да не се испоставува фактура за побарувањето како и истото да не се евидентира. Фактури се изготвувале по извршеното плаќање, што остава можност за злоупотреба при наплатата на овие побарувања и прибавување на против правна материјална корист.

11. Вкупниот ефект од наодите во точка 10.3. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2004 година во вкупен износ од 21.087 илјади денари.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точкта 10.3. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Прилеп на ден 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точка 10.3. кај Буџетот на општина Прилеп е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

**14. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Буџетот на Општина Прилеп во текот на ревизијата а се однесуваат на:**

**14.1. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

14.1.1. Позицијата Побарувања во Билансот на состојбата е преценета за износ од 110 илјади денари и за истиот износ преценета е состојбата на Пасивните временски разграничувања, поради не евидентирана фактура, договор за асигнација и договор за преземање на обврска.

**Преземени мерки**

За неправилностите во искажувањето на позициите од Билансот на состојба во текот на ревизијата пуштена е исправка за што на ревизијата и е даден налог за спроведено книжење и истите се инкорпорирани во рекласифицираните финансиски извештаи на страна 6 од овој извештај.

15. Во врска со Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Прилеп за 2002 година, ревизијата утврди дека за наодите од точките 10.6. од страна на субјектот не се превземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности.

**Скопје, 11.11.2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

**Буџет на ЕЛС ПРИЛЕП**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 40,313 | 30,122 |
| Неданочни приходи | 3.4. | 567 | 389 |
| Трансфери и донации | 3.5. | 12,510 | 14,554 |
| **Вкупно приходи** | | **53,390** | **45,065** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.1.1. | 12,424 | 10,988 |
| Стоки и услуги | 3.1.2. | 23,222 | 19,651 |
| Тековни трансфери и субвенции | 3.1.3. | 5,380 | 4,812 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **41,026** | **35,451** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 11,249 | 2,637 |
| Капитални трансфери | | 0 | 6,053 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **11,249** | **8,690** |
| **Давање на заеми, учество во дел од хартии** | | | |
| Заеми и учество во капитал | 3.2.2. | 115 | 0 |
| **Вкупно заеми и отплата на главница** | | **115** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **52,390** | **44,141** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **1,000** | **924** |

**Буџет на ЕЛС ПРИЛЕП**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1,000 | 924 |
| Побарувања | 4.1.2. | 5,640 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи во | | 0 | 3,504 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 1,500 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **8,140** | **4,428** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски по резерви | 4.2.1. | 1,500 | 2,067 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | | 0 | 1,013 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 6,640 | 1,178 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **8,140** | **4,258** |
| **Извори на капитални средства** | | | |
| Извори на капитални средства | | 0 | 170 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | **0** | **170** |
| **Извори на средства на резервата, солидарноста и за други намени** | | **0** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **8,140** | **4,428** |

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

**БУЏЕТ НА ЕЛС ПРИЛЕП**
**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| О П И С | Државен јавен капитал (извори | Останат капитал | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба на ден 01 Јануари 2004** | **170** | **-** | **170** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Набавки | - | - | - |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | - | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | - | - |
| **Намалување по основ на:** | **(170)** | **-** | **(170)** |
| Отпис на капитални средства | - | - | - |
| Корекции поради грешно евидентирање | **(170)** | - | **(170)** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | - | - |
| Амортизација | - | - | - |
| **Состојба на ден 31. Декември 2004** | **0** | | **0** |